# ЗАКОН ЗА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВЕН КАДАР ВО ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ, ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 55/2016 и 127/2016).

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува основањето и вршењето на дејноста на високобразовните установи на кои се стекнуваат квалификации за вршење на професијата наставник во предучилишното воспитание, основното и средното образование на територијата на Република Македонија.

### Член 2

(1) Високообразовна установа која изведува студиски програми за образование и стекнување квалификации за вршење на професијата наставник во предучилишно воспитание и одделенска настава во основното образование се основа како јавна високообразовна установа факултет, единица во состав на јавен универзитет, согласно Законот за високото образование.

(2) Високообразовната установа од ставот (1) на овој член врши високообразовна дејност како студии од прв, втор и трет циклус, како и научно-истражувачка и применувачка дејност од научната област образование на наставници.

### Член 3

(1) Студиски програми за образование и стекнување квалификации за вршење на професијата наставник во основното и средното образование за определени предмети може да се изведуваат и на организационите единици на јавните високообразовните установи факултети, единици во состав на универзитет, кои се одобрени од страна на министерот надлежен за работите на високото образование.

(2) Предметите од ставот (1) на овој член, за кои може да се организира образование за наставници и организационите единици кои може да ги изведуваат студиските програми, ги определува министерот надлежен за работите на високото образование. При определувањето министерот ги има во предвид потребите на општеството.

### Член 4

Јавните основни, односно средни училишта и јавните установи за предучилишно воспитание, за потребите за изведување на практична настава на студентите на високообразовната установа од членовите (2) и (3) од овој закон ги определува министерот надлежен за работите на високото образование, имајќи ги предвид знаењата, способностите и вештините со кои треба да се стекнат студентите кои се образуваат за наставници во предучилишното, основното и средното образование.

**Член 5**

(1) Високото образование за вршење на професијата наставник во предучилишно, основно и средно образование трае најмалку четири години и со неговото завршување се стекнуваат најмалку 240 ЕКТС.

(2) Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма за професијата наставник во предучилишно, основно и средно образование припаѓаат на VI А ниво од Националната рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

(3) Високото образование од ставот (1) на овој член дава право за стекнување со лиценца за вршење на дејноста наставник во предучилишно воспитание, основно, односно средно образование, за влез во вториот циклус на студии и се дава можност за вработување на одредени стручни работни места.

(4) Звањата со кои се стекнуваат студентите со завршување на студиската програма за образование на наставниците во предучилишно воспитание, основно и средно образование ги утврдува министерот надлежен за работите на високото образование, на предлог на високообразовната установа.

## II. СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

**Член 6**

(1) Студиската програма за образование на наставниците во предучилишно, основно и средно образование треба да им обезбеди на студентите стекнување на неопходните знаења, способности и вештини со кои ќе бидат оспособени за изведување на воспитно-образовна дејност и да одговорат на предизвиците со кои ќе се соочуваат во воспитно-образовниот процес и развивањето на личноста на ученикот.

(2) Со студиската програма од ставот (1) на овој член студентите за вршење на дејноста наставник во предучилишното, основното и/или средното образование треба да се стекнат со компетенции утврдени со Законот за наставници во основно и средно образование.

**Член 7**

(1) Содржината и структурата на студиската програма за образование на наставниците во средното образование треба да биде уредена на интегриран начин со јасно изразена поврзаност на основните предмети, стручните предмети и практичното наставно искуство.

(2) Проверката на знаењето на студентите се изведува во согласност со Законот за високото образование и задолжително за секој испит се изведува преку писмени и усмени проверки на стекнатите знаења, способности и вештини.

(3) Со оценката од проверката на знаењето се утврдува веројатноста за исполнетоста на резултатите од учењето предвидени за поединиот наставен предмет.

**Член 8**

Студиската програма од член 6 од овој закон се подготвува во согласност со Законот за високото образование и содржи најмалку:
- организирана академска обука, што содржи основни, напредни и стручни курсеви од научната област на педагогијата, психологијата и методиката на наставата и од научното поле на образованието,
- предавања и друг вид на комуникациски активности,
- практична настава во траење од најмалку 40 дена годишно во првите две години и од најмалку 60 дена годишно во крајните две години кои се изведуваат соодветно во јавни установи за предучилишно воспитание и училиштата од член 4 од овој закон и
- дипломски испит кој содржи: изработка и јавна одбрана на дипломски труд од научното поле на методиката на настава и писмен и усмен испит од наставните содржини кои ги определуваат клучните компетенции согласно Законот за наставници во основно и средно образование.

**Член 9**

(1) Студиските програми за образование и стекнување на квалификации за вршење на дејноста наставник од членот 8 од овој закон се истоветни на сите високообразовни установи и ги изработуваат посебни комисии.

(2) При изготвување на студиската програма од ставот (1) на овој член задолжително се обезбедува усогласеност со наставните програми кои се изведуваат во предучилишното, основното и средното образование, како и со утврдените стручни компетенции на наставник во Законот за наставници за основно и средно образование.

(3) Комисиите од ставот (1) на овој член ги формира министерот надлежен за работите на високото образование. При формирање на Комисијата да се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија, без да се нарушат критериумите што се предвидени со овој закон.

(4) Комисијата од ставот (1) на овој член во својот состав има четири членови од редот на наставно-научниот кадар од јавните високообразовни установи и еден член од Бирото за развој на образованието.

(5) Членови на Комисијата од ставот (1) на овој член кои се од редот на наставно-научниот кадар може да бидат домашни и странски лица кои ги исполнуваат условите за ментор на докторски труд согласно Законот за високото образование.

(6) Студиските програми од ставот (1) на овој член тековно ги следат сите промени во образовниот систем и соодветно одговараат на компетенциите со кои треба да се стекнат наставниците.

(7) Измена на студиската програма од ставот (1) на овој член може да покренат министерот надлежен за работите на високото образование или високообразовната установа.

**Член 10**

(1) Министерството надлежно за работите на високото образование за студиската програма од членот 9 од овој закон задолжително бара мислење од Бирото за развој на образованието.

(2) По добиено позитивно мислење од министерството надлежно за работите на високото образование и Бирото за развој на образованието, студиските програми од член 9 од овој закон ги акредитира Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, на предлог на посебна стручна комисија која ја формира министерот надлежен за високото образование.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член се состои од седум члена од кои пет члена се доктори на науки во наставно-научно звање вонреден, односно редовен професор од областа на педагогијата, психологијата, социологијата, со докажана и плодна научно-истражувачка дејност кои ги исполнуваат условите за ментор на докторски труд согласно Законот за високото образование и два члена се од редот на наставниците со звање наставник ментор или наставник советник. При формирање на Комисијата да се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија, без да се нарушат критериумите што се предвидени со овој закон.

(4) Членовите на комисијата од ставот (3) на овој член треба да поседуваат еден од следниве меѓународно признати сертикати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен или
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и

(5) Во комисијата од ставот (3) на овој член не смее да биде член лице кое е член на комисијата од членот 9 од овој закон, ниту член на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

(6) Министерот надлежен за работите на високото образование донесува решение за почеток со работа на студиската програма од членот 9 од овој закон.

(7) Министерот надлежен за работите на високото образование, пред донесување на решението за почеток со работа на студиската програма, може да побара и издвоено стручно мислење од посебна комисија од пет члена доктори на науки во наставно-научно звање вонреден, односно редовен професор од областа на педагогијата, психологијата, социологијата кои изведуваат наставно-научно дејност на универзитет кој е на листата која ја изготвува Центарот за светска класа универзитети при Шангајскиот Џиао Тонг Универзитет од Народна Република Кина, или на универзитет кој е на ранг листата на универзитети од областа на образованието, која ја изготвува Quacquarelli Symonds (QS) од Велика Британија.

**Член 11**

Стручниот извештај на комисиите од ставот (3) член 10 од овој закон задолжително содржи темелни, јасни и недвосмислени препораки и мислења за:

- усогласеноста на содржината на студиската програма со исходите од учењето односно компетенциите согласно Законот за наставниците во основните и средните училишта;
- компетентноста на наставниот кадар врз основа на научно-истражувачката дејност за изведување на настава и други активности на студиската програма;
- распоредот за изведувањето на активностите;
- видот и соодветноста на начинот на проверка на знаењето и оценувањето;
- мерливите критериуми за оценувањето;
- практичната настава и
- соодветноста на литературата согласно членот 12 од овој закон.

**Член 12**

На студиските програми, со чие завршување се стекнува образование и квалификации за вршење дејност наставник во предучилишно, основно и средно образование, задолжително се користи и стручна литература што е во употреба на универзитет кој е на последната објавена листата која ја изготвува Центарот за светска класа универзитети при Шангајскиот Џиао Тонг Универзитет од Народна Република Кина или на универзитет кој е на последната објавена ранг листата на универзитети од областа на образованието, која ја изготвува Quacquarelli Symonds (QS) од Велика Британија.

**Член 13**

(1) Акредитацијата на студиските програми од членот 10 од овој закон се доделува најмногу за четири години, врз основа на доставената документација и исполнетоста на условите согласно овој закон и Законот за високото образование.

(2) Високообразовната установа од членовите 2 и 3 од овој закон која изведува студиски програми од членот 10 од овој закон до министерството надлежно за работите на високото образование најмалку еднаш годишно доставува извештај за реализираните активности на наставниците и студентите пропишани во студиската програма.

(3) Извештајот од ставот (2) на овој член треба да ги исполнува условите за извештај од самоевалуација согласно Законот за високото образование и подзаконските прописи кои ги донесува Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

(4) Министерството надлежно за работите на високото образование најмалку еднаш годишно врши увид во исполнетоста на условите за изведување на студиската програма од членовите 10 и 17 од овој закон.

**III. ЗАПИШУВАЊЕ**

**Член 14**

(1) На студиски програми за образование и стекнување квалификации за вршење на професијата наставник во предучилишно, основно и средно образование на високообразовните установи од членовите 2 и 3 од овој закон може да се запишат лица кои:
- имаат завршено средно образование во траење од четири години односно стекнати квалификации од IV ниво согласно Националната рамка на квалификации и положено државна матура;

- имаат минимум просечен успех од 4.00 во средното образование, освен лицата кои се запишуваат на студиски програми за образование на наставници од областа на спортот кои треба да имаат минимум просечен успех од 3 во средното образование,
- поседуваат меѓународно признат сертификат за познавање на англиски јазик, издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУ-ЛАТС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, не постари од пет години,
- имаат позитивна процена од психолошкиот тест (во натамошниот текст: тест на личноста) и
- положиле приемен испит.

(2) Кандидатите кои го положиле приемниот испит документите од ставот (1) алинеи 3 и 4 ги доставуваат во рок од 25 дена од денот кога се известени дека го положиле приемниот испит.

(3) Трошоците за полагање на тестот на личноста и добивањето на сертификатот за активно познавање на англискиот јазик се на товар на кандидатот кој полага приемен испит.

(4) Приемниот испит за студиските програми за образование на наставници во предучилишно воспитание и одделенска настава во основното образование се состои од следните предмети и активности:
- математика - основно ниво,
- мајчин јазик, говорни и писмени вештини,
- англиски јазик кој се полага доколку кандидатот не поседува меѓународно признат сертификат од ставот (1) алинеја 3 на овој член,
- природни науки,
- информатички вештини,
- ликовна уметност,
- физичко-кондициона подготвеност,
- музика и
- разговор со кандидатот.

(5) Приемниот испит за студиските програми за образование и стекнување квалификации за вршење на професијата наставник во основното и средното образование за определени предмети се состои од следните предмети и активности:
- математика - основно ниво,
- мајчин јазик, говорни и писмени вештини,
- англиски јазик, кој се полага доколку кандидатот не поседува меѓународно признат сертификат од ставот (1) алинеја 3 на овој член,“.
- два предмета кои се однесуваат на предметот за кој се стекнува со квалификации за наставник,
- информатички вештини и
- разговор со кандидатот.

(6) Базите на прашања за приемниот испит ги изготвуваат стручни лица кои имаат најмалку пет години работно искуство во соодветната област, определени од министерот надлежен за работите на високото образование.

(7) Приемниот испит на сите високообразовни установи се полага истовремено во просторија за полагање на испит, посебно опремена со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(8) Јавноста се информира за датумот и времето на полагањето на приемниот испит најмалку три дена пред одржувањето на испитот со објава на веб страницата на високообразовната установа.

(9) Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на високообразовната установа, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на високообразовната установа.

(10) Во просторијата за полагање на испитот, за време на полагање на испитот покрај лица определени од високообразовната установа, присутни се и двајца претставници од министерството надлежно за работите на високото образование, од кои еден е информатичар.

(11) На денот на полагањето на писмениот дел од испитот, претставник од министерството надлежно за работите на високото образование - информатичар, му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем.

(12) По одобувањето на пристапот, кандидатот добива електронски тест за писмениот дел од испитот, компјутерски генериран, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од ставот (11) на овој член.

(13) Писмениот дел од испитот содржи и упатство за начинот на решавање на истиот, за кое претставник од лицата од ставот (10) на овој член дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

(14) Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за писмениот дел од испитот во една сесија за повеќе од еден кандидат.

(15) Испитот може да трае најмногу 90 минути.

(16) Базите на прашања за приемниот испит се ревидираат на секои две години од стручни лица кои имаат најмалку пет години работно искуство во соодветната област, кој ги определува министерот надлежен за работите на високото образование.

(17) Стручните лица од ставовите (5) и (16) на овој член потпишуваат изјава дека ќе ги чуваат во тајност испитните прашања за приемниот испит.

(18) Процедурите за тајноста на изготвување на испитните прашања за приемниот испит и начинот на оценување на испитните прашања ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование.

**Член 15**

(1) Одлука за бројот на студенти кои може да се запишат на студиските програми со кои се стекнуваат квалификации за вршење на професијата наставник во предучилишно воспитание, основно и средно образование на јавните високообразовните установи во Република Македонија донесува Владата на Република Македонија, на предлог на министерството надлежно за работите на високото образование.

(2) Запишувањето на студиите на студиските програми од став (1) на овој член се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува универзитетот во чиј состав е високообразовната установа од став (1) на овој член, најмалку пет месеца пред започнувањето на наставата. Конкурсот за упис содржи: име на високообразовната установа и негова адреса, назив на студиската програма, место на изведување на студиската програма, времетраење на студиите, услови за упис, предвиден број на слободни места за запишување, постапки и рокови за пријавување и за изведување на уписот.

## IV. СТИПЕНДИИ

### Член 16

(1) Висината на партиципацијата, односно кофинансирањето на трошоците за студирање на студиските програми од членот 10 од овој закон ги определува Владата на Република Македонија на предлог на високообразовната установа.

(2) Владата на Република Македонија со посебна одлука ја определува висината и бројот на стипендиите на студентите кои се запишуваат на студиските програми од член 10 од овој закон.

(3) Висината на стипендијата од ставот (2) на овој член, за студентите на студиските програми за образование на наставниците во предучилишна и одделенска настава, кои остваруваат просечен успех од најмалку 8.00 секоја студиска година последователно и положени најмалку 80% од испитите за претходните студиски години, изнесува најмалку 50% од просечната месечна нето плата во Република Македонија.

(4) Министерството надлежно за работите на високото образование со студентот на кого му доделува стипендија од ставот (2) на овој член склучува договор за доделување на стипендија.

(5) Со договорот за доделување на стипендија се уредуваат меѓусебните права, обврски и одговорности на министерството надлежно за работите на високото образование и студентот.

(6) Ако студентот кој добил стипендија ги прекине студиите ја враќа стипендијата во износ на стипендијата што ја примил до моментот на прекинувањето на студиите.

(7) Студентот нема да ја врати стипендијата од ставот (6) на овој член доколку ги прекинал студиите од здравствени причини кои што оневозможуваат студирање подолго од еден семестар што се докажува со конзилијарно мислење дадено од три лекари специјалисти.

(8) Ако студентот кој добил стипендија, по завршувањето на студиите не конкурира за запишување на Академијата за наставници или не го положи приемниот испит на Академијата за наставници, ја враќа стипендијата во двапати поголем износ.

(9) Ако студентот кој добил стипендија, не оствари просечен успех од најмалку 8.00 во претходната студиска година и не положени најмалку 80% од испитите за претходните студиски години, го губи правото на стипендија за следната година.

**V. НАСТАВНО-НАУЧЕН КАДАР**

**Член 17**

(1) Високообразовна дејност на високообразовна установа која изведува студиски програми за образование и стекнување квалификации за вршење на професијата наставник во предучилишно, основно и средно образование може да врши само лице избрано согласно Законот за високото образование во наставно-научно и наставно звање за времето за кое е избрано.

(2) Покрај критериумите за избор во звање согласно Законот за високото образование, лицата од став (1) на овој член треба да ги исполнуваат и следниве критериуми:
- докажана и плодна научно-истражувачка дејност во научното поле за кое се избираат во звање со објавени најмалку четири труда во меѓународни научни списанија во последните три години и трудови во списание со импакт фактор во последните три години кои носат вкупно најмалку пет бода, односно трудови во списание со импакт фактор во последните пет години кои носат вкупно најмалку десет бода, од базата на Web of Science, согласно член 95-а, став 6 од Законот за високото образование.
- да поседувааат еден од следниве меѓународно признати сертикати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен или
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и
- положен тест на личноста и тест за интегритет, за чие спроведување се ангажираат лиценцирани стручни лица од професионална институција.

(3) Ако лицето од став (1) на овој член нема положено тест на личноста и тест за интегритет, не може да биде избрано во наставно-научно и наставно звање во високообразовната установа која изведува студиски програми за образование и стекнување квалификации за вршење на професијата наставник во предучилишно, основно и средно образование.

(4) Како предност ќе се смета ако лицата од став (1) на овој член:
- имаат најмалку еден постдокторски престој на првите 500 високо рангирани универзитети на листата која ја изготвува Центарот за светска класа универзитети при Шангајскиот Џиао Тонг Универзитет.

(5) Трошоците за полагањето на тестот на личноста, тестот за интегритет и добивањето на сертификатот за активно познавање на англискиот јазик се на товар на лицето од став (2) на овој член.

(6) Доколку на конкурсот за избор во звање се пријави лице кое се стекнало со научен назив доктор на науки на универзитет кој е на листата која ја изготвува Центарот за светска класа универзитети при Шангајскиот Џиао Тонг Универзитет од Народна Република Кина, или на универзитет кој е на ранг листата на универзитети од областа на образованието, која ја изготвува Quacquarelli Symonds (QS) од Велика Британија. Лицето се избира во звањето за кое е распишан конкурсот.

(7) Рецензионата комисија од став (9) на овој член за лицата од ставовите (2) и (6) на овој член изготвува извештај за постигнувањата на кандитатот кој се избира во научно звање.

(8) Во случај на конкурсот од став (6) на овој член да се јават повеќе лица, предност имаат лицата кои се стекнале со научен назив доктор на науки на повисоко рангирана високообразовна установа.

(9) Рецензионата комисија за избор во звање на лицата од став (1) на овој член ја формира наставно□научниот совет по претходна согласност на министерот надлежен за работите на високото образование и се состои од најмалку пет члена од кои најмалку два се од универзитети кои се на листата која ја изготвува Центарот за светска класа универзитети при Шангајскиот Џиао Тонг Универзитет или на листата која ја изготвува Quacquarelli Symonds (QS) од Велика Британија.

(10) Членовите на рецензионата комисија од ставот (9) на овој член треба да ги исполнуваат условите предвидени со ставовите (1) и (2) на овој член.

**VI. ПРЕКРШОЧНА ОДРЕДБА**

**Член 18**

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на високообразовната ако најмалку еднаш годишно не достави извештај за реализираните активности на наставниците и студентите во согласност со студиската програма (член 13 став (2)),

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член ќе му се изрече на деканот на високообразовната установа.

**Член 18-а**

Одмерувањето на висината на глобјата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците. 3

**Член 18-б**

(1) За прекршоците утврдени во член 18 од овој закон, државниот просветен инспектор должен е на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоци.

(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.

(3) Во записникот од став (2) на овој член се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог го потпишува одговорното лице во правното лице или од него овластено лице.

(5) Државниот просветен инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатата постапка.

(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(8) Министерот за образование и наука ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

**Член 18-в**

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишно, основно и средно образование се должни да ги акредитираат новите студиските програми и да добијат решение за отпочнување со работа на акредитираните студиски програми согласно овој и Законот за наставници за основно и средно образование до почетокот на академската 2019/2020 година.

**Член 20**

Затекнатите студенти на постојните високообразовни установи, до отпочнување со примената на овој закон, го продолжуваат своето образование на соодветната високообразована установа според студиската програма по која ги започнале студиите, а со лиценца за наставник се стекнуваат согласно Законот за Академијата за наставници и Законот за наставници за основно и средно образование.

**Член 21**

(1) Затекнатите наставници, до отпочнување на примената на овој закон, кои не ги исполнуваат условите од членот 17 од овој закон го задржуваат звањето за кое се избрани најмногу до три години од денот на отпочнување на примената на овој закон доколку во рок од три години од денот на отпочнување на примената на овој закон се стекнат со меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, односно во рок од две години се стекнат со меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, односно во рок од осум месеци се стекат со меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (A2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода.

(2) Наставниците кои по рокот предвиден во ставот (1) од овој член нема да ги исполнат условите за избор во звање од членот 17 од овој закон им престанува работниот однос на високообразовната установа, освен наставниците избрани по втор пат во наставно-научно звање редовен професор или кои се десет години пред исполнувањето на условите за старосна пензија согласно прописите за работните односи.

**Член 22**

Одредбите од членот 17 став 2 алинејата 1 кои се однесуваат на објавување на трудови во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации се применуваат до 31 декември 2020 година, а од 1 јануари 2021 година се применуваат само одредбите кои се однесуваат на објавување трудови во научни списанија со импакт фактор кои се од соодветната област во базата на Web of Science.

**Член 23**

До добивање на звања наставник ментор и наставник советник, за членови на Комисијата од ставот (5) член 10 од овој закон кои се од редот на наставниците со звање наставник ментор или наставник советник, се назначуваат наставници кои се од редот на наставницте со најдобри постигнати резултати од интегралната евалуација во последните три години и доколку не се во збирниот извештај со резултати од спроведеното екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците на наставници кои се со најголеми отстапувања.

**Член 24**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од академската 2019/2020 година.

**ОДРЕДБИ ОД ДРУГИ ЗАКОНИ**

Закон за изменување и дополнување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/2015):

**Член 3**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/2015):

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Закон за изменување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2016):

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Закон за изменување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 127/2016):

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.